**Република Македонија**
**ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО**
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДП **Бр.**02-85/2014
12.02.2014 **година**
**С к о п ј е**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА

Февруари 2014 година

СОДРЖИНА

I. ВОВЕД....................................................................................................3

II. ВНАТРЕШНИ АКТИ НА ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА....................................................................5

III. АКТИВНОСТИ НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОСТВАРУВАЊЕ ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСКАТА ФУНКЦИЈА.................................8

IV. СТРУЧНИ СОВЕТУВАЊА........................................................................11

V. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ.......................12

VI. ОБЕМ НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2013 ГОДИНА.........................................13

1. Парнични предмети....................................................................................13

2. Управни предмети и Управни спорови...................................................14

3. Правни мислења..........................................................................................15

4. Извршни предмети.....................................................................................16

5. Стечајни предмети......................................................................................16

6. Предмети од превентивниот метод на работа.....................................16

7. Вонпарнични предмети.............................................................................17

8. Атхензиони предмети.................................................................................17

9. Платни налози.............................................................................................17

10. Организационите предмети....................................................................17

11. Разно...........................................................................................................18

12. Денационализација...................................................................................18

Спорови со меѓународен елемент..............................................................18

13. Стручни колегиуми...................................................................................19

VII. ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2012 ГОДИНА.......................20

VIII. ПОСТИГНУВАЊА ВО ПРЕДМЕТСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА 2013 ГОДИНА..................................................................................................21

IX. ЗАВРШЕН ДЕЛ...........................................................................................24

## *I.* ВОВЕД

Согласно член 34 од Законот за државното правобранителство (Сл весник 87/07) Државниот правобранител за работата на Државното правобранителство најмалку еднаш годишно ја известува Владата на Република Македонија во која насока е изработен овој Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Македонија за 2013 година.

Државното правобранителство на Република Македонија е основано со Законот за Државно правобранителство ("Сл.весник на РМ" бр.87/07), со кој се уредуваат организацијата и надлежноста на Државното правобранителство на Република Македонија, условите и постапката за именување и разрешување на Државниот правобранител на Република Македонија и Државните правобранители, нивните овластувања, права и должности, средствата за работа, пристапот до информации, соработката со органите на државната управа и други прашања од значење за работата.

Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Државното правобранителство на Република Македонија ги остварува своите надлежности врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Приоритетна цел на органот е правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија, пред судовите и други органи во земјата и странство. Ефикасноста во своето работење ја постигнува со тим составен од обучен кадар.

Децениите поминати во целта за правна заштита на државата од повеќе аспекти придонесе да Државното правобранителство на Република Македонија стане самостојна институција која претставува важен фактор при остварување и заштита на интересите на државата.

Согласно Одлука бр.19-6641/1 од 2 јануари 2008 година на Владата на Република Македонија утврдени се 15 седишта на државните правобранители и подрачјата на судовите каде се врши државно-правобранителската функција и тоа во Скопје, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Штип, Битола, Велес, Кочани, Куманово, Тетово, Струга, Кичево, Гостивар и Охрид.

Со Одлука бр.19-6641/2 од 02 јануари 2008 година на Владата на Република Македонија определен е бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија, при што за подрачјето на Скопје се определени 10 (десет) државни правобранители, за подрачје Гостивар 3 (три) државни правобранители, за подрачјата Битола, Велес, Кочани, Куманово, Тетово, Струга и Кичево по 2 (два) државни правобранители и за подрачјата Охрид, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Струмица и Штип по 1 (еден) државен правобранител.

Со Правилник Дел бр. 08-1437/7 од 14 јули 2008 година на Министерот за правда, утврдена е формата и содржината на образецот, содржината, постапката и начинот на издавање, користење и одземање на службената легитимација на Државниот

правобранител на Република Македонија и државните правобранители.

Функцијата на Државното правобранителство ја врши Државниот правобранител на Република Македонија и Државните правобранители во Државното правобранителство.

Со Решение бр. 23-8358/1 од 5 ноември 2013 година на Владата на Република Македонија за Државен правобранител на Република Македонија се именува Насер Ајдари.

Седиштето на Државното правобранителство на Република Македонија е во Скопје, на ул Бул. Гоце Делчев бр. 18, во зградата на Македонска Радио Телевизија на VI-кат.

Во Државното правобранителство на Република Македонија работат вкупно 112 лица, од кои 1 (еден) Државен правобранител на Република Македонија, Државни правобранители 33 (триесет и три). Државни службеници вкупно 71 (седумдесетиеден ), од кои Раководни државни службеници 4 (четири) : Државен советник 1 (еден) и Раководители на одделенија 3 (три), од стручно административен кадар 29 (дваесет и девет) од кои советници 17, соработник 1, помлад соработник 11, административен кадар 38 ( триесет и осум) од кои самостоен референт 2, виши референти 23, референти 12 помлад референт 1 и вработени кои немаат статус на државен службеник 7 (седум).Од вкупно 112 вработени со Висока стручна спрема се 67 (шеесет и седум), со Виша стручна спрема се 2 (два), со Средна стручна спрема се 36 (триесет и шест), и со Основно образование 7 (седум). Од вкупен број на функционери 34 : мажи се 15 (петнаесет), жени 19 (деветнаесет), од вкупен број на државните службеници 74: мажи се 11 (единаесет) , жени 60 (шеесет), а од вкупен број на вработени кои немаат статус на државен службеник 7: мажи се 3 (три) а жени 4 (четири). Од вкупен број на вработени 112 : мажи се 29 (дваесет и девет), жени 83 (осумдесет и три). Од вкупно 112 вработени македонци се 92 (деведесет и два), срби 2 (два), албанци 15 (петнаесет), турци 1 (еден), и бошњаци 2 (два), или процентуално 82.1 % македонци, 13.3 % албанци, 0.8 % турци, 1.7 % срби и 1.7 % бошњаци.

Со Одлука бр. 23-4442/1 од 07. декември 2004 година на Владата на Република Македонија на Државното правобранителство на Република Македонија му е доделено на користење административен простор идеален дел од 6-тиот кат во зградата на Македонската радио-телевизија. Со Одлука бр.19-5453/1 од 2 декември 2008 година на Владата на Република Македонија на Државното правобранителство на Република Македонија му е доделено на користење административно-деловен простор во Прилеп во површина од 117,20 м2, а со Одлука бр.23-3275/1 од 7 јули 2003 година на Владата на Република Македонија на Државното правобранителство на Република Македонија е пренесено правото на користење на дел од приземје во површина од 570,79 м2 во Битола. Останатите подрачја на Државното правобранителство на Република Македонија сместени се и користат простории во судовите, освен подрачје Кавадарци кое користи простории во локалната самоуправа во Општина Кавадарци.

Државно правобранителство на Република Македонија располага со веб страна : www.dprm.gov.mk, и е-маил адреса dpskopje@dprm.gov.mk.

Државното правобранителство на Република Македонија со своите подрачја се приклучени на Интернет и сите имаат свои е-маил адреси и сандачиња за прием на пошта.

## *II. ВНАТРЕШНИ АКТИ НА ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Донесени се Правилник за внатрешна организација на Државното правобранителство на Република Македонија ДП бр.03-130/11-1 од 07.04.2011 година и Правилник за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Македонија ДП бр.03-130/11 од 07.04.2011 година. Согласно внатрешните акти формирани се 3 сектори и тоа Сектор за управување со човечки ресурси со 2 одделенија: Одделение за организациски развој и обука и Одделение за матична евиденција, Сектор за правни, општи и заеднички работи со 3 одделенија: Одделение за правни работи и застапување, Одделение за извршување на одлуки и Одделение за општи и заеднички работи и Сектор за финансиски прашања со 2 одделенија: Одделение за буџетска координација, буџетска контрола и координација на јавни набавки и Одделение за сметководство и плаќања. Како независно одделение е формирано Одделение за внатрешна ревизија.

Донесен е Годишен распоред за работа на Државно правобранителство на РМ за 2014 година Дп 02-499/2013 од 09.01.2014 година .

Државното правобранителство на Република Македонија ги почитува принципите на правична застапеност во која насока се изработи Годишен план за соодветна и правична застапеност на заедниците за 2014 година, за кој е дадена согласност од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор при Владата на Република Македонија.

Донесен е Стратешки план на Државното правобранителство на Република Македонија 2014-2016 година ДП бр.03-189/13 од 15.07.2013 год.

Стратешкиот план на Државното правобранителство е стратешки документ преку кој се дефинираат активностите за остварување на својата конкретна и единствена цел.Стратешкиот план за период од 2014 година- 2016 година, преставува континуирано продолжување на стратешките цели и приоритети на Државното правобранителство на Република Македонија, програмите, активностите , потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и очекуваните резултати. Како законски застапник на државата Државното правобранителство на Република Македонија своите стратешки цели ги утврдува преку стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во својот домен на дејствување.

Согласно Стратешките приоритети на Владата на РМ (Сл весник на РМ бр.67/13), Интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО; и продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото и Стратешките цели на Владата на РМ, продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал, заокружување на реформите во правосудството, јакнење на владеењето на правото, создавање на вкупен амбиент за поттикнување на мотивацијата и задоволството на вработените во администрацијата, развој и примена на информациските технологии во сите сегменти на живеењето, развој и примена на информациските технологии во сите сегменти на живеењето, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на Европската унија согласно приоритетите утврдени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија , Стратешките приоритети и цели *на* Државното правобранителство на Република Македонија се:

**1. Правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и државните органи основани со закон**

Од овој приоритет произлегуваат следните цели:

- Продолжување на законито, стручно, ефикасно и економично извршување на државно- правобранителската функција како основна законска функција на органот на целата територија на Република Македонија,

- Зајакнување на капацитетите на Државното правобранителство на Република Македонија, со зголемување на стручниот и стручно административниот кадар

-Спречување на одлив на буџетски средства

**2. Воспоставување на автоматизиран компјутерски систем за управување, сигурност и заштита во заведувањето и распоредувањето на предметите кои се водат во Државното правобранителство на Република Македонија и обезбедување на дигитални сертификати со токен за сите државни правобранители**

Од овој приоритет произлегуваат следните цели:

-Автоматизираниот компјутерски систем за управување ќе придонесе за сигурност и заштита во заведувањето и распоредувањето на предметите и тоа од доставување на писмената, прием, отварање и прегледување на писмена, поднесоци, документи и податоци во електронска форма, работата на архивата на Државното правобранителство на Република Македонија во однос на водење на уписниците, образување на предмети, предавање на предметите во работа , прераспределба на предметите, извршувањето и наплатата на предметите и архивирање на предметите

**3- Воспоставување на автоматизиран компјутерски систем за електронско управување на податоци во Секторот за човечки ресурси**

Од овој приоритет произлегуваат следните цели:

-Уредно ажурирана матична евиденција за сите вработени.

**4. Компјутерски софтвер читач за основни средства за спроведување на попис на основни средства**

Од овој приоритет произлегуваат следните цели:

- Ефикасно и точно спроведување на пописот на основните средства

**5. Сертифицирање на ИСО стандарди 9001-2008**

Од овој приоритет произлегуваат следните цели:

--Ангажирање на консултантска куќа за сертифицирање на ИСО стандарди 9001-2008

**6. Имплементација на Закон за волонтерство**

Од овој приоритет произлегуваат следните цели:

-Ефикасно обучување на млади кадри

Од страна на Државниот правобранител на Република Македонија донесени се Процес на водење на предмети, Процес на превземање на финансиски обврски, Процес на плаќање, Процес на јавни набавки, Попис на работните процеси и тоа: Процес на обука, Процес на изготвување на правилник за систематизација и правилник за внатрешна организација, Процес на вработување, Процес на оценување и Процес на изготвување решенија.

Државниот правобранител на Република Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно кој се определени службени лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага Државното правобранителство на Република Македонија согласно своите надлежности во сите 15 Подрачја во кои се обавува државно правобранителската функција. Доставен е Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2013 година до Комисија за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Списокот на лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага Државното правобранителство на Република Македонија согласно своите надлежности во сите 15 Подрачја во кои се обавува државно правобранителската функција е објавен на веб страната на Државното правобранителство на Република Македонија.

Државниот правобранител на Република Македонија во целост ги спроведува одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози согласно кој има определено лице кое постапува по претставките и предлозите. Државното правобранителство на РМ согласно законските одредби достави 2 полугодишни

извештаи до Министерството за информатичко општество и администрација. Во Државното правобранителство на Република Македонија за 2013 година, согласно двата полугодишни извештаи се примени и заведени вкупно 31 предмет. По писмен пат во 2013 година се доставени 31 предмет , поднесени се од физички лица 23 предмети, од правни лица 7 предмети и други 1 предмет.

Во насока на спроведување на Протоколот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија, органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Македонија, се одржуваат работни средби и состаноци со претставници на државните органи за надминување на одредени проблеми кои се појавуваат во тековното работење на секој орган, а кое е непосредно во врска со постапувањето на Државното правобранителство на Република Македонија во остварување на основната надлежност, а тоа е превземање на мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Македонија .

Соработката на Државното правобранителство на Република Македонија и државните органи е на завидно ниво и сметаме дека во оваа насока истата и ќе продолжи.

Државното правобранителство на Република Македонија смета дека соработката помеѓу органите на државната управа е многу значаен и претставува еден вид успешен начин на надминување и разрешување на правни прашања кои се појавуваат во основната функција на Државното правобранителство, заштита на имотните права и интереси на Република Македонија.

Државното правобранителство на Република Македонија како државен орган кој превзема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија ќе продолжи со законито, стручно, ефикасно и економично извршување на државно- правобранителската функција како основна законска функција на органот на целата територија на Република Македонија и координирано да постапува во работењето и постапувањето односно остварувањето на државно-правобранителската функција во и помеѓу утврдените седишта на Државните правобранители, во кои се извршува оваа функција на територијата на Република Македонија.

Позитивната соработка помеѓу Државното правобранителство на Република Македонија и органите кои ги застапува и во иднина треба да продолжи и уште повеќе да се надградува се во интерес на целосната заштита на имотните права и интереси на Република Македонија.

## *III. АКТИВНОСТИ НА ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОСТВАРУВАЊЕ ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСКАТА ФУНКЦИЈА*

Активностите и работата на Државното правобранителство на Република Македонија во текот на 2013 година, произлегуваат од овластувањата, правата и

обврските што Државното правобранителство на Република Македонија ги има согласно Законот за државното правобранителство, системските закони и другите законски и подзаконски прописи.

Државното правобранителство, во својата работа применува закони, законски прописи и подзаконски акти кои уредуваат правна материја од повеќе области на правото, како што се прописите од материјалното право: Законот за облигациони односи, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за денационализација, Законот за градежно земјиште со подзаконските акти, прописите поврзани со трансформација на општествениот капитал и продажбата на државниот капитал; потоа прописи од формално правен карактер, како што се Законот за парничната постапка, Законот за извршување, Законот за општа управна постапка, Закон за експропријација, Законот за стечај, Закон за нотаријат, Закон за кривична постапка во делот на оштетните побарувања и други правни прописи.

Покрај надлежностите и овластувањата што ги има со законите и другите подзаконски акти, Државното правобрнителство на Република Македонија постапува редовно и согласно Заклучоците од Владата на Република Македонија. Државниот правобранител секогаш активно учествува на седниците на Комисиите на Владата на Република Македонија, а кога е тоа потребно и на седници на Владата на Република Македонија.

Државниот правобранител на Република Македонија е постојан член на Комитетот за градежна експанзија и развој при што може да се истакне дека благодарение на ажурното постапување на Државното правобранителство на Република Македонија на територијата на цела Македонија поголемиот број на предмети поврзани со експропријација на недвижност, одзмање или престанок на корисничкото право се во целост реализирани со што е даден соодветен придонес во работата на Комитетот за градежна експанзија во реализација на јавниот интерес утврден преку програмата на овој комитет.

Државниот правобранител на Република Македонија е постојан член на Работната група за забрзување на стечајни постапки, при што може да се истакне дека благодарение на ажурното постапување на Државното правобранителство на Република Македонија на територијата на цела Македонија, поголемиот број на стечајни предмети се приведуваат кон нивно окончување.

Во текот на 2013 година, во работата на Државното правобранителство на Република Македонија најголемо место завземаат предметите поврзани со постапката за давање Правни Мислења. Во голем број се и управно-извршните предмети како и предметите за денационализација.

Важно место во работата на Државното правобранителство се парничните предмети. Државниот правобранител на Република Македонија и државните

правобранители секојдневно учествуваат во сите инстанци на парнична, вонпарнична, извршна, управна, стечајна, постапки пред Нотари согласно Закон за нотаријат, пред извршители согласно Закон за извршување и атхезиони постапки.

Во парничните постапки постапуваат како застапници по закон на Република Македонија и на државните органи согласно Законот за организација и работа на органите на државна управа пред Основните судови, по вложени правни лекови пред Апелационите судови и по вложени вонредни правни лекови пред Врховниот суд на Република Македонија.

**Во оваа насока од страна на Државното правобранителство на Република Македонија вложени се редовни правни лекови - во парнична постапка 851 жалби, во вонпарнична постапка 50 жалби, во стечајна постапка 27 жалби, и во извршна постапка 165 жалби . По однос на вложени вонредни правни средства поднесени се пред Врховниот суд на Република Македонија 78 ревизии.**

Во управните постапки учествуваат во постапки пред првостепен управен орган, по жалби пред соодветен второстепен управен орган и во управни спорови пред Управниот суд Скопје и Вишиот Управен суд.

Во текот на постапката за денационализација, Државното правобранителство на Република Македонија преку државните правобранители, превзема соодветни мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Во сите случаи кога се констатираат повреди на имотните права и интереси на Републиката во процесот на денационализација, се поднесуваат тужби до Управниот суд, односно жалби до Вишиот управен суд. Од страна на Државниот правобранител на Република Македонија во рамките на надлежностите се прават напори да се испочитува ставот на Владата на РМ овој процес да заврши што е можно поскоро.

**Во оваа насока од страна на Државното правобранителство на Република Македонија вложени се редовни правни лекови, во управна постапка 30 жалби, поднесени се 50 тужби за управен спор до Управниот суд и 58 жалби до Вишиот Управен суд.**

Државното правобранителство на Република Македонија учествува во постапките за отуѓување на градежното изградено и неизградено земјиште со давање на соодветно мислење, неговата приватизација согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, како и за отуѓување на други недвижности сопственост на државата.

Активното учеството на Државниот правобранител во постапката за отуѓување на градежното неизградено земјиште сопственост на Република Македонија, како и за

отуѓување на друга недвижност сопственост на државата, се заснова врз член 46 од Законот за нотаријат.

Учеството на Државниот правобранител во постапките за отуѓување на градежното неизградено земјиште сопственост на Република Македонија, како и за отуѓување на друга недвижност сопственост на државата е многу активно и се заснова врз член 46 од Законот за нотаријат, во кој е утврдено дека нотарот е должен да испита дали е прибавено мислење од Државниот правобранител на РМ, ако е во прашање потврдување на исправа врз основа на која се врши пренос на правото на сопственост, односно размена на недвижности, а како една од договорните страни се јавува Република Македонија, а другата е физичко или правно лице. Доколку за приватната исправа не е прибавено мислење од Државниот правобранител, нотарот ќе го извести за тоа Државниот правобранител, и ќе го одложи потврдувањето на исправата додека не биде дадено мислење, а најдоцна за 30 дена. Во оваа постапка, во зависност од конкретниот случај, Државното правобранителство на Република Македонија дава позитивно или негативно мислење.

Учеството на Државниот правобранител во постапката за приватизација на градежното земјиште сопственост на Република Македонија согласно Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и Законот за измени и дополнувања на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост е многу активно, бидејќи нацрт решенијата за приватизација заедно со сите списи пред да се достави до барателот се доставуваат на мислење до Државниот правобранител на Република Македонија кој што мислењето го доставува во рок од 15 дена по приемот на нацрт решението.

Покрај редовната соработка помеѓу органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Македонија, која најчесто се однесува на нивно застапување од Државното правобранителство пред надлежните судови и другите органи, Државното правобранителство на Република Македонија на барање од органите на државната управа, дава стручни Правни Мислења по одредени правни прашања, правни совети и правна помош.

## *IV. СТРУЧНИ СОВЕТУВАЊА*

Во текот на минатите години Државното правобранителство на РМ одржуваше стручни советувања на ниво на Државно правобранителство на Република Македонија. Досегашните одржани стручни советувања преку својата работа во целост беа успешни, исполнувајќи ги целите за кои беа организирани, поради што Државното правобранителство и во иднина ќе организира таков вид на собири кои што имааат едукативен карактер и кои придонесуваат за разрешување на правни прашања кои се појавуваат во основната функција на Државното правобранителство, заштита на имотните права и интереси на Република Македонија.

## V. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Државниот правобранител на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за Државното правобранителство, во врска со прашања од значење за остварувањето на неговата функција и по прашања од заеднички интерес, соработува со органите на државната власт, судовите и со физички и правни лица.

Начелно, соработката помеѓу Државното правобранителство на Република Македонија со судовите, Јавното обвинителство, министерствата и другите органи и организации е задоволителна, иако во определени случаи се појавуваат одредени потешкотии, кои најчесто се резултат на релативно краткиот рок за постапување и превземање на определени правни дејствија.

Покрај редовната соработка помеѓу органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Македонија, која најчесто се однесува на нивно застапување од Државното правобранителство пред надлежните судови, другите органи, Државното правобранителство на Република Македонија на барање од органите на државната управа, дава стручни Правни Мислења по одредени правни прашања, правни совети и правна помош.

Во текот на 2013 година, Државниот правобранител на Република Македонија имаше бројни средби и соработка со многу државни институции како што се: Влада на Република Македонија, Министерства и други државни органи и органи на државната управа.

Државниот правобранител на Република Македонија во текот на 2013 година изврши редовни посети на сите 14 подрачја каде се обавува државно правобранителската функција.

На покана на Државното правобранителство на Република Словенија, а по повод одбележување на денот на Правобранителство на Словенија, претставници од Државното правобранителство на Република Македонија во деновите од 29.05 до 31.05.2013 година остварија работна средба со Генералниот државен правобранител на Република Словенија Д-р Боштјан Тратар, заменик на Генералниот државен правобранител и раководители на оддели во Државното правобранителство на Република Словенија. На работната средба беа разменети искуства во делот на надлежностите на работата на Државните правобранителства на двете држави.

Комората на извршители на Република Македонија во период од 30.05.2013 година - 02.06.2013 година одржа Семинар во Драч Република Албанија, на кој присуствуваа и претставници на Државното правобранителство на Република Македонија,

На ден 27.02.2013 година се одржа работна средба на Работна група формирана за завршување на стечајни постапки на правни лица кои имаат имот на територија на Република Косово и Агенција за приватизација на Република Косово одржана во

просториите на Државното правобранителство на Република Македонија, Целта на работната средба беше прва и официјална средба на работната група на Република Косово и работната група формирана од Владата на Република Македонија, поврзани со ажурирање на стечајните постапки односно обид за враќање на недвижен имот, кој го имаат правни лица од Република Македонија на територија на Република Косово или исплаќање на компензација за тој имот, како и имот кој го има Република Косово на територија на Република Македонија.

## *VI.* ОБЕМ НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2013 ГОДИНА

Државното правобранителство на Република Македонија, во периодот од 01.01.2013 год. па заклучно со 31.12.2013 год., постапувало по сите видови предмети кои спаѓаат во негова надлежност.

**Во текот на 2013 година,** Државното правобранителство на Република Македонија имало во работа и постапувало **во вкупно 224.739 предмети**, и тоа од сите области на правото каде е потребно преземање мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Македонија.

Согласно Сумарниот Преглед за движење на предметите за 2013 година за подрачјето на Скопје каде што е и седиштето на Државното правобранителство на Република Македонија вкупно предмети во работа имало 65.244 .

Како составен дел на овој Извештај се и Сумарниот преглед за движење на предметите за 2013 година за сите подрачја на Државното правобранителство на Република Македонија и Сумарниот преглед за движење на предметите за 2013 година за подрачје Скопје.

### *1. Парнични предмети*

Парничните предмети имаат посебна важност и се сметаат како посложени предмети кои се наоѓаат во работа во Државното правобранителство на Република Македонија.

**Во 2013 година вкупно предмети во работа биле 12.724.**

Споровите кои се водат во парничните постапки каде Државното правобранителство на Република Македонија се јавува како законски застапник на Република Македонија и нејзините органи, се по најразлични основи, од кои како најчести и позначјани можат да се споменат следните:

- спорови за утврдување на право на сопственост на недвижен имот;

- спорови за надомест на материјална и нематеријална штета, и тоа по основ на неоправдано осудени или несновано лишени од слобода лица; заради противправно одземање на предмети во кривичната и прекршочната постапка; како и надомест на штета по други основи;

- Спорови во врска со поништувањето на договори кои ги склучила Република Македонија, особено: договори склучени во постапките за отуѓување или давање под закуп на државен имот (градежно земјиште, земјоделско земјиште); договори склучени во постапките за јавна набавка и други договори каде како договорна странка се јавува Република Македонија или некој нејзин орган, доколку постојат законски основи за нивно поништување;

- Спорови во врска со наплата на долгови по најразлични основи, било во случај Република Македонија или нејзин орган да се јавува во својство на доверител или должник;

- Работни спорови во кои најчесто државните органи се тужени заради спроведена постапка и донесени одлуки по дисциплински постапки

-Спорови за надомест на штета по склучени договори по ИПАРД програми

На посебната важност на овие предмети во делот од работата на Државното правобранителство на Република Македонија укажува и бројот на поднесени редовни правни лекови , поточно бројот на поднесени 851 жалби пред Апелационите судови во Република Македонија и вонредни правни лекови, поточно поднесени 78 ревизии пред Врховниот суд на Република Македонија.

## *2. Управни предмети и Управни спорови*

**Во текот на 2013 година управни предмети во работа биле 15.033, што споредбено со 2012 година кога биле во работа 14.738 предмети, претставува зголемување на обемот на работа по овие предмети.**

Работењето по управните предмети се однесуваат на покренувањето и водењето на управни постапки заради реализација на урбанистичкиот план кое се однесува за одземање од владение градежно неизградено земјиште, експропријација на недвижности и одземање или ограничување на правото на користење на недвижности во државна сопственост. Во овие предмети влегуваат и доставувањата на Потврди од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, кои се однесуваат за промена на содржината на недвижностите во имотните листови, на име на физички или правни лица, или на име на Република Македонија.

**Во текот на 2013 година управни спорови во работа биле 1.859, при што тужби за управен спор покренати од страна на Државното правобранителство на Република Македонија биле 50, а жалби против одлуките на Управниот суд биле поднесени 58 до Вишиот Управен суд.**

Управните спорови произлегуваат од постапки за денационализација и најголем дел по прекршочни постапки согласно член 42-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за управни спорови односно произлегува обврска на Државното правобранителство да учествува во управна постапка, која постапка произлегува од работата на Прекршочни комисии, во кои постапки Државното правобранителство воопшто не учествува. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за управни спорови чл.42-а е утврдено дека против одлука на Управниот суд, органот чиј акт бил предмет на управниот спор може да поднесе жалба преку Државниот правобранител на Република Македонија.

Во последниов период се позачестени се барања од државните органи Државното правобранителство да поднесува жалби на одлуките на Управниот суд, а во врска со донесени акти од прекршочни комисии при државните органи.

## *3. Правни мислења*

Посебен вид предмети кои се наоѓаат во работа во Државното правобранителство преставуват давањето правни мислења кои согласно законските овластувања ги дава Државниот правобранител на Република Македонија.

**Во текот на 2013 година од областа на правни мислења во работа вкупно биле 28857, од кои само примени предмети во работа во текот на годината биле 19.780, а со оглед на високиот број на завршени предмети 20.883 може да се заклучи дека Државното правобранителство има висок степен на ажурност.**

Согласно член 46 од Законот за нотаријат, улогата на Државниот правобранител во давање на мислења е од големо значење. Имено ако е во прашање потврдување на исправа врз основа на која се врши пренос на правото на сопственост, физичка делба на недвижност, односно размена на недвижности, како една од договорните страни се јавува Република Македонија, нотарот е должен да испита дали е прибавено мислење од Државниот правобранител. Доколку за приватната исправа не е прибавено мислење од Државниот правобранител, нотарот ќе го извести за тоа Државниот правобранител и ќе го одложи потврдувањето на исправата додека не биде дадено мислењето, а најдоцна за 30 дена. Ако Државниот правобранител не даде мислење во определениот рок, нотарот ќе го изврши потврдувањето на исправата како да е дадено мислење. Исправите потврдени спротивно на одредбите на овој член немаат сила на јавна исправа и се сметаат за апсолутно ништовни.

Државното правобранителство успешно го совладува приливот на нови предмети од овој вид. Решавањето на овој вид предмети, односно времетраењето на постапката за давање на правни мислења, најмногу зависи од работењето на самото Државно правобранителство, **па со оглед на високиот број на завршени предмети 20.883** на решеност на овие предмети може да се заклучи дека Државното правобранителство има

висок степен на ажурност, кога неговата работа не зависи од преземање на дејствија и постапување од страна на други субјекти.

## *4. Извршни предмети*

**Во текот на 2013 година извршни предмети вкупно во работа биле 6179.**
Ова се предмети кои се водат пред надлежни извршители.

## *5. Стечајни предмети*

**Во текот на 2013 година стечајни предмети вкупно во работа биле 4015.** Државното правобранителство како законски застапник на Република Македонија во стечајните постапки учествува како доверител во случаевите кога по известие добиено од Управата за јавни приходи, Државното правобранителство поднесува барање за отворање на стечајна постапка, односно во отворена стечајна постапка поднесува стечајни побарувања кои ги има Република Македонија спрема стечајниот должник.

Во стечајната постапка пред судовите, Државното правобранителство зема активно учество штитејќи ги имотните права и интереси на Република Македонија кога таа или нејзин орган се јавува како доверител во стечајната маса. Во случаите кога се работи за поголемо побарување што Република Македонија го има пријавено во стечајната маса, тогаш Државното правобранителство учествува во работата на Одборот на доверители застапувајќи ја Република Македонија или нејзин орган.

Државното правобранителство во стечајните постапки поднесува тужби пред надлежните судови, во случаите кога од страна на стечајниот управник е оспорено побарувањето, и од страна на стечајниот суд е упатен на судски спор. Овие постапки се водат пред надлежните граѓански судови, во кои Државното правобранителство превзема правни дејствија за докажување на побарувањето на органот кого го застапува.

Државниот правобранител на Република Македонија инсистира во рамките на стечајните постапки секогаш пред гласањето во Одборот на доверители или пред Собранието на доверители, Државно правобранителство на Република Македонија да има добиен точен и изграден став од органот кој го застапува во кој правец ќе се одвива гласањето во рамките на органите на стечајната постапка.

## *6. Предмети од превентивниот метод на работа*

Во постапувањето по овие предмети, Државното правобранителство врши претходно испитување и анализирање на пристигнати поднесоци, дописи, преставки, извештаи и сл. и доколку увиди дека се повредени имотните права и интереси на Република Македонија, тогаш заради заштита на истите, поведува соодветна постапка пред надлежен орган, или превзема други дејствија за кои е овластено да ги превзема.

Еден од превентивните методи на работа се и Опомените до физичките и правните лица за доброволно плаќање на долговите кон Република Македонија.

**Во текот на 2013 година превентивни предмети вкупно во работа биле 4794.**

### *7. Вонпарнични предмети*

Вонпарничните предмети се предмети кои се однесуваат за определување на надомест за градежно земјиште одземено од владение, експропирани недвижности, како и предмети по физичка делба на ствари сопственост на Република Македонија.

**Во текот на 2013 година вонпарнични предмети вкупно во работа биле 1958.**

### *8. Атхензиони предмети*

Во атхензионите постапки Државното правобранителство застапувајќи ја Република Македонија и нејзините органи, поднесува имотно правни побарувања насочени спрема обвинетите во кривичната постапка. Ова учество е веќе по започнатите истражни и кривични постапки од страна на Јавното обвинителство кои постапки се однесуваат на предметите поврзани со злоупотреба на службена положба и овластувања, коруптивни дејанија и друго .

**Во текот на 2013 година атхезиони предмети вкупно во работа биле 1086.**

### *9. Платни налози*

Од страна на нотарите до Државното правобранителство се доставуваат платни налози по кои во најголем дел се поднесуваат приговори , кои потоа поради спорност продолжуваат во постапка пред надлежните првостепени граѓански судови .

**Во текот на 2013 година предмети по платни налози вкупно во работа биле 721.**

### *10. Организационите предмети*

Во овој вид предмети спаѓаат предметите, по кои непосредно постапува Државниот правобранител на Република Македонија во неговата соработка со другите органи, установи, институции, со размена на податоци и информации, со давање правни мислења, правна помош и совети, на органите кои не се застапувани од Државното правобранителство на Република Македонија, а се корисници на средства од Буџетот на Република Македонија. (училишта, национални установи, дирекции, агенции и сл.), како и предмети поведени по повод разни поднесоци, претставки, барања, предлози и сл. поднесени непосредно до Државниот правобранител на Република Македонија, од страна на правни и физички лица.

Тука спаѓаат и предметите преку кои Државниот правобранител на Република Македонија и Државните правобранители кореспондираат и соработуваат, во врска со организациони прашања во рамките на Државното правобранителство, како и други предмети кои се однесуваат за размена на податоци и информации.

**Во текот на 2013 година организациони предмети вкупно во работа биле 1899**

## *11. Разно*

Посебни предмети кои се наоѓаат во работа при Државното правобранителство се предмети кои се однесуваат за постапувањето на Државното правобранителство по повод на најразлични поднесоци, барања, известувања, предлози и слично доставени од страна на државните органи, правните и физичките лица.

**Во текот на 2013 година предмети разно вкупно во работа биле 2156**

## *12. Денационализација*

**Во текот на 2013 година предмети за денационализација вкупно во работа биле 8078, од кои 637 биле примени во работа, од кои 744 се завршени предмети.**

Државното правобранителство на Република Македонија преку државните правобранители, превзема соодветни мерки и правни средства за заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Во сите случаи кога се констатираат повреди на имотните права и интереси на Републиката во процесот на денационализација, се поднесуваат тужби до Управниот суд, односно жалби до Вишиот управен суд. Од страна на Државниот правобранител на Република Македонија во рамките на надлежностите се прават напори да се испочитува ставот на Владата на РМ овој процес да заврши што е можно поскоро.

## СПОРОВИ СО МЕЃУНАРОДЕН ЕЛЕМЕНТ

Во 2013 година се заведени 4 предмети и тоа :

1.Тужител Јозо Капетановиќ и други од Тиват против Република Македонија-Министерство за труд и социјална политика, кој се води пред Основен суд Котор Република Црна Гора

2.Судски спор по тужба на тужител Аленка Песек против тужен Република Македонија и Амбасада на Република Македонија, преде Основниот суд во Љубљана Република Словенија

3.Судски спор по тужба на Република Македониј за зградата на Амбасадата на Република Македонија во Будимпешта кој се води пред Вишиот суд во Будимпешта во Република Унгарија

4.Судски спор против тужен Република Македонија и Модна конфекција Астибо Штип, кој се води пред Основниот суд во Белград.

Државното правобранителство на Република Македонија по прибавено Мислење бр.07-37613/2 од 13.11.2012 година на Министерството за финансии, согласно Заклучок број 2 од Извадокот од Нацрт- записникот од Шеесет и третата затворена седница на Владата на Република Македонија одржана на 16.10.2012 година, спроведе постапка за избор на Адвокатска куќа која би ја застапувала Република Македонија во Арбитражен спор пред Меѓународниот Центар за решавање на инвестициски спорови (International centre for settlement of investment disputes- ICSID) во Вашингтон САД, и со Одлука ДП бр.02-448/12-5 од 13.02.2013 година на Државниот правобранител на Република Македонија за најповолен понудувач за набавка на услуги - правни услуги од меѓународна правна фирма којашто ќе обезбеди соодветно застапување и одбрана на Република Македонија, во предметот на Старателско-доверителски фонд ДОО ( Guardian Fidicuary Trust Limited) познат како Капитален Козерватор за Заштеди и Заеми ДОО ( Capiatl Conservator Savings & Loan Limited) од Нов Зеланд против Република Македонија, по спроведена постапка ЈН бр.05-17/12, е избран понудувачот **LATHAM & WATKINS**, со адреса :99 **Bishopsgate London EC2M 3XF England.**

Во деновите 26 и 27 март 2013 година, се одржа работна средба помеѓу работната група формирана од Владата на Република Македонија и Претставници - адвокати од Latham & Watkins за застапување и одбрана на Република Македонија, на која, од страна на претставниците на Latham & Watkins е дадено известување во која фаза е постапката пред Арбитражниот суд, претставниците на Latham & Watkins се запознаа со целокупната постапка водена претходно во Република Македонија и истакнаа потреба од прибавување од надлежните органи на сите потребни документи кои можат да бидат искористени во постапката, во која насока сите вклучени државни органи превземаа активности за доставување на потребните документи .Постапката по овој предмет се уште е во тек.

Зголемувањето на овој вид на предмети и превземањето на соодветни активности на ова поле, претставува уште еден доказ за посебната улога која ја има Државното правобранителство на Република Македонија во заштитата на имотните права и интереси на Република Македонија и на нејзините органи.

## *13.СТРУЧНИ КОЛЕГИУМИ*

Државниот правобранител на Република Македонија редовно еднаш, а по потреба и повеќе пати неделно одржува Стручен Колегиум , на кој се разгледуваат стручни предмети од надлежноста на Државното правобранителство на Република Македонија, а исто така Државниот правобранител на Република Македонија, редовно на секои три месеци организира заеднички средби во Скопје во седиштето на Државно

правобранителство на Република Македонија, со сите Државни правобранители од подрачјата на Државното правобранителство на Република Македонија.

На ваквите Стручни колегиуми се донесуваат заклучоци, со што се постигнува унифицирано постапување на сите Државни правобранители, со што се зголемува и ефикасноста и ажурноста во работењето.

## *VII. ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2013 ГОДИНА*

Согласно Годишниот финансиски план за 2013 година на Државното правобранителство на Република Македонија, од жиро сметката број 040060058263710 од планираниот износ од 119.312.881,00 денари, реализирани се 61.795.373,00 денари.

| Реализирани средства | Расходни ставки | Намени |
|---|---|---|
| 40.126.249,00 | 401 | Плати и надоместоци |
| 14.862.180,00 | 402 | Придонеси за социјално осигурување |
| 39.847,00 | 420 | Патни и дневни расходи |
| 2.140.381,00 | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт |
| 99.907,00 | 423 | Материјали и ситен инвентар |
| 44.053,00 | 424 | Поправки и тековно одржување |
| 183.696,00 | 425 | Договорни услуги |
| 4.196.397,00 | 426 | Други тековни расходи |
| 13.452,00 | 465 | Исплата по извршни исправи |
| 89.211,00 | 480 | Купување на опрема и машини |

Годишниот финансиски план за 2013 година за Државното правобранителство на Република Македонија, од жиро сметка 040060058263118 од планираниот износ од 7.193.000,00 денари, реализирани се 4.962.168,00 денари.

| Реализирани средства | Расходни ставки | Намени |
|---|---|---|
| 142.959,00 | 420 | Патни и дневни расходи |
| 3.241.131,00 | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт |
| 1.042.735,00 | 423 | Материјали и ситен инвентар |

| | | |
|---|---|---|
| 235.558,00 | 424 | Поправка и тековно одржување |
| 45.649,00 | 425 | Договорни услуги |
| 37.058,00 | 426 | Други тековни расходи |
| 184.468,00 | 464 | Разни трансфери |
| 20.610,00 | 480 | Купување на опрема и машини |
| 12.000,00 | 485 | Вложувања и нефинансиски средства |

## *VIII. ПОСТИГНУВАЊА ВО ПРЕДМЕТСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА 2013 ГОДИНА*

Државното правобранителство на Република Македонија во своето работење успешно пред надлежните судови ги застапуваше интересите на Република Македонија и нејзините органи.Во оваа насока претставуваме само дел од успешно завршените предмети.

1. Со Пресуда на Апелациониот суд Скопје ТСЖ бр.1247/13 од 19.12.2013 година, Пресудата ТС-1521/09 од 01.03.2013 година на Основен суд Скопје 2 Скопје е потврдена, со што тужбеното барање на тужителот Здружение на граѓани за промоција и едукација на визуелни уметности, мултимедија и анимација ДИГИТАЛ МЕДИА Скопје против тужениот Република Македонија- Министерство за одбрана за неисполнување на договор и надомест на штета во вредност од 940.512.000,00 денари правосилно е одбиено како неосновано, а тужителот е задолжен на тужениот да му надомести трошоци на постапката во износ од 53.820,00 денари.

2. Со Пресуда ТС-1015/10 од 14.07.2011 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје тужбеното барање на тужителот БОРОВО ДД за производство и промет на обувки и други производи од Вуковар Република Хрватска спрема Република Македонија за сопственост на деловни простории во Скопје , Крива Паланкиа, Куманово, Штип, Свети Николе, Пробиштип, Кочани ,Струмица, Неготино, Кавадарци, Велес, Прилеп, Ресен, Битола, Охрид, Гостивар и Тетово, во вредност на спор од 2.125.000,00 денари, и да недвижниот имот го ослободи од луѓе и ствари, истиот да му го предаде во владение на тужителот и да ги избрише запишаните права во јавните книги од име на тужениот и истите да ги запише, односно да трпи пренос на запишаните права во јавните книги од име на тужениот на име на тужителот, е одбиено како барање неосновано. Оваа пресуда е потврдена со Пресуда ТСЖ бр.-2300/11 од 23.03.2012 година на Апелациониот суд Скопје. Поднесената ревизија од страна на тужителот е

одбиена како неоснована со Пресуда Рев1 бр.189/2012 од 16.01.2013 година на Врховниот суд на Република Македонија.

3. Со Решение ТС бр.44/13 од 04.09.2013 година на Основен суд Скопје 2 Скопје се констатира повлекување на тужба од тужител ЕНЕРГОПЛАН ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје против тужениот Република Македонија -Министерство за финансии за утврдување право на сопственост на имот вредност 10.502.000,00 денари и се задолжува тужителот на тужениот да му плати трошоци на постапката во износ од 28.392,00 денари. Ова решение е правосилно и извршно.

4. Во постапка пред Основен суд Скопје 2 Скопје се водеше предмет по тужба на тужител Друштво за ветеринарна дејност, промет и услуги ВЕТЕРИНАРНА БОЛНИЦА ДОО Скопје против тужен Република Македонија -Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за ветеринарство за надомест на штета вредност на спор 2.563.760,00 денари при што со Пресуда ТС бр. 1496/10 од 18.10.2011 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје барањето на тужителот е одбиено како неосновано, а тужителот се задолжува на тужениот да му надомести износ од 22.620,00 денари на име трошоци на постапката. Оваа пресуда е потврдена со Пресуда ТСЖ бр.165/13 од 11.04.2013 година на Апелациониот суд Скопје.

5. Со Решение П ПОВ1-2/12 од 16.01.2014 година на Основен суд Скопје 2 Скопје одбиен е предлогот за повторување на постапка правосилно завршена со Пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје П бр.2934/02 од 12.12.2003 година поднесен од предлагачот Ѓорѓиев Сашо од Скопје. Имено со Пресуда П бр.2934/02 од 12.12.2003 година на Основниот суд Скопје 1 Скопје одбиено е тужбеното барање на тужителот Ѓорѓиев Сашо во постапка против Република Македонија-Министерство за внатрешни работи да му се надоместат по основ објективна одговорност нематеријална и материјална штета во износ од 28.000.000,00 денари . Оваа Пресуда е потврдена со Пресуда ГЖ бр.2974/04 од 27.05.2004 година на Апелациониот суд Скопје.По вложена ревизија од страна на тужителот Врховниот суд на Република Македонија со Пресуда Рев бр.537/06 од 31.05.2006 година, истата ја одбил како неоснована. Тужителот на 27.11.2006 година доставил жалба до Европскиот суд за човекови права во Стразбург, кој со Пресуда од 19.04.2012 година утврдил дека постои повреда на човековите слободи и права и дека постои одговорност на државата, поради што го задолжил тужениот да му исплати на тужителот износ од 3.390 евра на име материјална штета и износ од 12.000 евра на име нематеријална штета, кои износи му биле исплатени во јуни месец 2012 година.Со повторувањето на постапката барал да му се повтори постапката затоа што наведената пресуда на Европскиот суд за човекови права се однесува исклучиво на загрозено право на живот што како основ за надомест на штета во законодавството на РМ не постои, па сметал дека може да се повтори постапката и да му се надоместат по основ објективна одговорност нематеријална и материјална штета , кое барање му е

одбиено со Решение П ПОВ1-2/12 од 16.01.2014 година на Основен суд Скопје 2 Скопје.

6. Пред Основниот суд Скопје 2 Скопје се водеше постапка по тужба на тужител Друштво за производство, градежништво, проектирање, инженеринг и трговија КОРАБ МЕРМЕР Незир ДООЕЛ експорт-импорт од Гостивар против Република Македонија за надомест на штета, вредност на спор 36.292.880,00 денари со камата и исплата на концесиски надомест во износ од 260.000,00 денари со камата и трошоци на постапката. Со Пресуда 1 ПС бр.337/10 од 15.07.2011 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје, тужбеното барање на тужителот е одбиено како неосновано, а тужителот е задолжен на тужениот да му ги надомести трошоците на постапката во износ од 70.200,00 денари.Оваа Пресуда е потврдена со Пресуда ТСЖ бр.2434/11 од 12.04.2012 година на Апелациониот суд Скопје.По вложена ревизија од страна на тужителот, Врховниот суд на Република Македонија со Пресуда Рев бр. 206/2012 од 05.06.2013 година истата ја одбил како неоснована.

7. Со правосилна и извршна пресуда 11 ТС-1720/07 од 24.01.2011 година на Основен суд Скопје 2 Скопје тужбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги КОМТРЕЈД ЊУ ТЕХНОЛОЏИ ЛИМИТИД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје против тужениот Република Македонија-Министерство за финансии за надомест на штета поради неисполнување на договор, вредност на спорот 49.138.819,00 денари е одбиено како неосновано, а тужителот е задолжен на тужениот да му исплати на име трошоци на постапката во износ од 134.160,00 денари . Оваа Пресуда е потврдена со Пресуда ТСЖ бр.791/11 од 05.04.2012 година на Апелациониот суд Скопје. По вложена ревизија од страна на тужителот, Врховниот суд на Република Македонија со Пресуда Рев1 бр. 258/2012 од 11.07.2013 година истата ја одбил како неоснована.

8. Со пресуда на Основниот суд Скопје 2 Скопје ПС бр. 315/07 од 07.12.2009 година тужбеното барање на тужителот Република Македонија против тужените Земјоделска задруга СЛОБОДА со ограничена одговорност увоз-извоз Станица Зелениково како правен следбеник на ЗЗ Слобода Ц.О. увоз-извоз Станица Зелениково во стечај Скопје и ДТУ НАЦИОНАЛ ДОО експорт-импорт Скопје за ништовност на договор вредност на спорот 72.873.588,00 денари се одбива како неосновано, а тужителот се задолжува на првотужениот да му плати износ од 27.300,00 денари на име трошоци на постапката и на второтужениот износ од 23.400,00 денари . Со пресуда ТСЖ бр. 458/12 од 11.05.2012 година на Апелациониот суд Скопје жалбата на тужителот Република Македонија одбиена е како неоснована а Пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје ПС бр. 315/07 од 07.12.2009 година е потврдена. Со Пресуда Рев1 бр.28/2013 од 11.07.2013 година на Врховниот суд на Република Македонија ревизијата поднесена од застапникот по закон Државното правобранителство на Република Македонија делумно е уважена

и Пресудите ТСЖ бр. 458/12 од 11.05.2012 година на Апелациониот суд Скопје и на Основниот суд Скопје 2 Скопје ПС бр. 315/07 од 07.12.2009 година се преиначуваат и се пресудува дека тужбеното барање на тужителот се усвојува во дел и делумно се огласува за ништовен Договорот за купопродажба на правно лице со непосредна спогодба склучен помеѓу тужените во делот во кој предмет на купопродажба е земјоделско земјиште како дел од имотот на продавачот и во делот со кој е договорено дека купувачот се стекнува со право на сопственост земјоделско земјиште .

9. Со Пресуда ТС бр.632/07 од 19.06.2012 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје тужбеното барање на тужителот Трговско друштво за производство, трговија и услуги АНИКО ДОО експорт-импорт Скопје против тужениот Република Македонија-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за предавање во владение и надомест на штета вредност на спорот 9.292.784,00 евра е одбиено како неосновано, а тужителот е задолжен на тужениот да му ги надомести трошоците на постапката во износ од 81.900,00 денари. Оваа пресуда е потврдена со Пресуда ТСЖ бр.3071/12 од 28.03.2013 година на Апелациониот суд Скопје. Против оваа пресуда од страна на тужителот е вложена ревизија, на која е даден одговор и по истата сеуште не е добиена одлука.

10. Со Пресуда ТС бр.1358/09 од 15.02.2013 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје усвоено е тужбеното барање на тужител Република Македонија-Министерство за транспорт и врски па се задолжува тужениот Општина Центар да му плати на тужителот износ од 11.929.387,00 денари со камата и трошоци на постапката во износ од 99.940,00 денари по основ долг. Оваа пресуда е потврдена со Пресуда ТСЖ бр.889/13 од 14.11.2013 година на Апелционит суд Скопје. Од страна на тужената Општина Центар вложена е ревизија на ден 14.01.2014 година по која не е донесена одлука.Од страна на Државното правобранителство на Република Македонија поднесен е предлог за присилно извршување.

Сите овие предмети се само дел од успешното постапување на Државното правобранителство на Република Македонија, без разлика дали се јавува како застапник по закон на страна на тужител или на страна на тужен.

## *IX.ЗАВРШЕН ДЕЛ*

Законитото, стручното, ефикасното и економичното извршување на државно-правобранителската функција, како основна законска функција на органот на целата територија на Република Македонија и превземањето на сите мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и на нејзините органи, ќе продолжи и понатаму со координирано постапување во работењето

и постапувањето односно остварувањето на државно-правобранителската функција во и помеѓу утврдените седишта на Државните правобранители, во кои се извршува оваа функција на територијата на Република Македонија.

Државното правобранителство на Република Македонија и органите кои ги застапува и во иднина треба да продолжат со позитивната соработка и уште повеќе истата да се надградува, се во интерес на целосната заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и нејзините органи.

ПРИЛОГ:
- Сумарен преглед за движење на предметите за 2013 година за сите подрачја каде што се врши државно - правобранителската функција,
- Сумарен преглед за движењето на предметите за 2013 година за подрачјето на Скопје

**Изработил:**
**Државен советник**
**Андријана Сливоска**

*ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ*
*НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
**Naser Ajdari**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ